одржуваа во тоа време во Југославија, во рамките на подготовките на Петтата земска конференција на КПЈ. Таквиот став, впрочем, во целост контрастира од тогашната линија на КПЈ по националното прашање. Таа дури во себе ги имплицира тенденциите за автономистички сепаратизам.[9])

На крајот да го речеме и тоа дека досегашните проучувања на оваа Конференција, што беше потврдено и во разговорот, недвосмислено зборуваат за нејзиното исклучително значење во развојот на КПМ и македонското националноослободително и социјално движење. Меѓутоа, уште многу прашања стојат отворени, недообјаснети. Нивното натамошно научно и објективно толкување е неопходно, а овој разговор, без сомнение, ќе значи силен поттик во тој поглед.

Данчо ПЕТРОВСКИ

## ОСМИ ЈУГОСЛОВЕНСКИ СИМПОЗИУМ ЗА НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

Во организација на постојаната комисија за наставата по историја при Сојузот на друштвата на историчарите на Југославија на 28, 29 и 30 август 1980 година се одржа Осмиот југословенски симпозиум за наставата по историја во Приштина САП Косово.

На Симпозиумот беа разработени две основни теми:

1. Односот меѓу економската, политичката и културната историја во наставните програми, учебниците и наставната практика во основните и средните училишта во нашата земја и

2. Местото на наставата по историја во системот на воспитувањето и образованието.

На првата тема беа поднесени седум реферати од истакнати историчари, методичари и практичари од сите наши републики и покраини. Втората тема се разработи преку панел-дискусија за која беа поднесени четири уводни излагања. Покрај тоа поднесен беше уводен реферат посветен на животот и делото на другарот Тито.

Домаќин беше Друштвото на историчарите на САП Косово, кое ја подготви организацијата на Симпозиумот, сместувањето, стручната екскурзија и другите активности на учесниците.

Трите дена се работеше во новиот хотел „Гранд" каде беа сместени сите учесници и имаше одлични услови за работа и престој. На Симпозиумот беа присутни околу 250 учесници-професори и наставници по историја во основните и средните училишта, од педагошките академии и филозофските факултети, како и повеќе научни работници од сите наши републики и покраини. Од СРМ на

---

[9]) На овие проблеми се задржаа Владо Картов, Никола Чинго и Данчо Зографски, додека пак Владо Ивановски зборуваше за состојбите во младинското движење во Македонија во време на Конференцијата.

Симпозиумот беа присутни 20 историчари од средното и основното образование, додека од Факултетот и трите педагошки академии немаше ниту еден наставник.

Симпозиумот го отвори претседателот на Друштвото на историчарите на Косово Тахир Абдули, кој ги покани присутните со едноминутно молчење да му оддадат почит на Претседателот Тито. Потоа ги поздрави учесниците и го истакна значењето на Собирот. На Симпозиумот присуствуваа и гости, претставници на општествено-политичките организации на Косово. Симпозиумот го поздрави и го истакна неговото значење за наставата по историја и потпретседателот на СДИЈ д-р Воје Игнацијe од Љубљана. Тој нагласи дека двете основни теми на Симпозиумот ќе се обработуваат од разни аспекти, а многу значајно е тоа што со свои реферати ќе настапат наставници и професори од практиката, кои ќе го изнесат своето искуство од наставно-воспитната работа во основните и средните училишта.

Во уводното излагање на тема „Тито-неимар на братството и единството на народите и народностите на Југославија", што го поднесе д-р Фехми Пушколи, виш научен соработник при Институтот за национална историја на Косово, се нагласи дека сè она што ја претставува Југославија денес, со што се гордееме, она што го развиваме и што сме одлучиле со сите сили да го браниме, се наоѓа во Титовото дело — СФРЈ заедница на рамноправни народи и народности. Братството и единството, социјалистичкото самоуправување, неврзаноста, нашата независност, напредокот и изградбата на нашата земја, цврстината на нашата армија, ОНО и ОС, во сето тоа се наоѓа револуционерното и творечко Титово дело — делото на неимарот на братството и единството на нашите народи и народности.

Трите дена Симпозиумот работеше на пленарни седници. Поднесени беа следните реферати: д-р Ѓерѓ Гал од Нови Сад поднесе реферат на тема „Односот меѓу економската, политичката и културната историја во наставните програми и учебниците". Тој го истакна прашањето на тројството (економската, политичката и културната историја) и приоритетот што сè уште постои на политичката историја. Содржината која им се нуди на учениците преку учебниците треба да биде достапна за да можат да ја совладаат, посебно економската историја на чија база се гради општествената историја. Недоволно, на пример, се истакнува во учебниците и наставните програми економскиот равиток на XX век, кој постигна фантастичен развој. Сето тоа во учебниците по историја недоволно се третира и се остава сами учениците да го согледаат, научат, и сфатат. За културната историја д-р Гал нагласи дека исто така недоволно е застапена. Во учебниците дадени се само некои телеграфски податоци, некомплетни. На тој план крупен чекор е направен во СР Хрватска со изготвувањето на мултимедискиот состав на учебникот по историја за петтото одделение, за кој предложи да го прифатат сите републики и покраини.

М-р Осман Зека од Приштина го изнесе својот реферат на тема „Односот меѓу економската, поли-

тичката и културната историја во учебниците за основното училиште во САП Косово", нагласувајќи дека наставната програма по историја во Косово е единствена за сите три народности. Во нив преовладува политичката историја. Осман Зека нагласи дека покрај големите чекори кои се постигнати во оформувањето на учебничката литература сè уште постојат недостатоци кои треба да се отстранат. Историјата на народностите, особено на албанската народност, недоволно е застапена во наставните програми и учебниците што е краен резултат недоволното запознавање со минатото на оној народ кој живее во социјалистичката заедница.

Љубица Радовановиќ и Хранислав Живковиќ од Белград зборуваа за „Односот меѓу економската, политичката и културната историја во наставните програми и учебниците во средното образование". Тие дадоа компаративен приказ на наставните програми по историја во СРХ, СР Србија, САП Војводина и СРЦГ, истакнувајќи дека се различно конципирани и во нив преовладува политичката историја. Ниту во една наставна програма по историја, истакнаа тие, не се обработува античкото стопанство. И културната историја не е сразмерно застапена во сите периоди кои се изучуваат. Посебен осврт дадоа и на предлозите кои се нудат во новите наставни програми по историја во втората фаза на средното насочено образование.

Милован Ериќ од Босна и Херцеговина изнесе конкретна обработка на наставна единица во основното училиште, како пример како треба да се постави односот меѓу економската, политичката и културната историја, односно фактори во историските појави или процеси. Темата гласеше „Австро-унгарската окупација во Босна и Херцеговина од 1878—1903 год." Со многу големо внимание беше следено неговото излагање, кое беше така дидактички и методски оформено што испреплетено ја прикажуваше политичката, економската и културната положба во Босна и Херцеговина во ова време.

Марија Кременжек од Љубљана исто така зборуваше за конкретна обработка на наставна единица во средното училиште како пример како да се постави соодносот меѓу политичката, економската и културната историја. Нејзиното излагање исто така побуди голем интерес зашто на практични примери покажа дека третираната проблематика може да се постави во адекватен соодност со што ќе се даде целосен приказ на историскиот настан кој се третира.

Томаж Вебер од Љубљана го изнесе својот реферат на тема „Текстовите за економската проблематика во нашите историски читанки кои се во употреба во СР Словенија, Хрватска, Србија и Босна и Херцеговина." Тој констатира дека во нив има текстови од економска историја, но нивниот број е мал, изборот не е систематски, нема текстови за многу теми од економската проблематика, особено за периодот на НОВ и социјалистичката револуција, партизанската економија, како за основното така и

за средното образование. Во историските читанки потребни се конкретни теми од економски карактер кои, покрај содржински, треба да одговараат и методско-дидактички на ученичката возраст за која се наменети. На крајот Вебер предложи да се земе и да се користи сè она што е вредно од историските читанки кои ги имаме во употреба во нашите републики и покраини.

Д-р Драгутин Павиќевиќ и д-р Хрвоје Матковиќ од Загреб настапија со реферат на тема „Серија на прирачници за историјата на родниот крај, за основното училиште во СРХ како обид да се поврзе економската, политичката и културната историја со современоста". Тие опфатија неколку битни прашања од оваа проблематика: значењето на историјата во родниот крај, поврзувањето на економската, политичката и културната историја при обработката на содржините од историјата на родниот крај во основното училиште и што е сторено во СРХ на тој план. Нивното искуство го препорачаа на другите републики и покраини. Од 1973 до 1979 година во СРХ издадени биле 17 вакви прирачници од 40 автори од кои повеќето се практичари. Во нив на достапен начин се изнесени политичките, економските, културните и општествените услови за настанот за кој станува збор. Достапни се на ученичката возраст и се богати со илустративно-ликовен материјал. Содржините од историјата на родниот крај најдобро ги сфаќаат учениците зашто станува збор за блиски до нив и конкретни услови преку кои се воведуваат во светот на општествените појави во поширокиот регион, државата и дел од светот.

На втората тема „Местото на наставата по историја во системот на воспитувањето и образованието" беа поднесени три воведни излагања. Наум Димовски од Скопје зборуваше за „Местото на наставата по историја во системот на основното воспитание и образование". Тој компаративно ја прикажа постојната положба во наставата по историја во основните училишта во нашите републики и автономни покраини, на што се работи, што се предлага во новиот предлог-договор на републиките и покраините за заедничките основи во системот на воспитувањето и образованието, подготвени од постојаната конференција на установите за унапредување на воспитувањето и образованието во СФРЈ и Комисијата за програмирање и организација на системот на воспитувањето и образованието. Ги истакна напорите кои се вложуваат од повеќе фактори за решавање на отворените прашања во наставата по историја, како и различните пристапи во усовршувањето на наставните планови и програми и општо на наставата по историја. Нагласи дека остануваат повеќе отворени прашања и проблеми на кои ќе треба да им се пристапи со најголема сериозност и внимание за да се решат.

Д-р Ѓерг Гал од Нови Сад и м-р Миомир Дашиќ од Титоград дадоа осврт за „Местото на историјата во системот на средното насочено образование". Гал даде хронолошки преглед на наставата по историја во нашата земја од 1945 година до денес, нагласувај-

ќи дека предметот историја беше и матурски предмет, застапен со поголем фонд часови, на кој му се даваше посебно значење. Истакна дека не е изедначен системот во наставата по историја во нашата земја (фондот на часовите, програмските содржини, начинот на планирањето и сл.). Според него, дискутабилен е пристапот на линеарното планирање на програмските содржини со оглед на детските психофизички способности, особено во основното образование, за да го апсорбираат она што им се нуди со линеарниот систем.

Миомир Дашиќ, посебно се задржа на состојбата во средното насочено образование во СРЦГ, истакнувајќи ги тешкотиите и проблемите кои постојат во наставата по историја, кои се слични со проблемите во другите републики и покраини. Тој се заложи за марксистички пристап во решавањето на проблемите зашто наставата по историја од основното училиште па до факултетот е општествено-идеолошко прашање и според тоа треба пошироко, во југословенски и меѓународни рамки, да се гледа поставеноста на овој проблем. „Ние мораме да го решаваме прашањето за наставата по историја во духот на резолуциите на X и XI конгрес на СКЈ. Не можеме да дозволиме младата генерација да ја учи историјата преку разни неадекватни извори и сомнителна литература, туку преку организирана наставно-воспитна работа и редовно школување. Нашата историја општо земено е ослободителна дури и во средните векови и нема потреба да ја избегнуваме како што го прават тоа некои народи денес, срамејќи се од минатото на својот народ во одредени историски периоди", нагласи Дашиќ.

Д-р Воје Игнацијe од Љубљана зборуваше за „Прилагодувањето на наставата по историја на катедрите по историја на филозофските факултети за потребите на реформираното основно и средно образование", со посебен осврт на положбата на љубљанскиот Филозофски факултет каде групата по историја е двопредметна и степенувана. Професорот Воје ги истакна проблемите кои постојат на југословенски план — усогласувањето на студиите по историја на нашите факултети каде постојат големи разлики како во наставните план-програми така и во режимот на студирањето.

Вториот ден од работата на Симпозиумот домаќините организираа за сите учесници стручна екскурзија низ Косово и Метохија. Посетени беа најзначајните културно-историски знаменитости и природни реткости како, на пример, мермерната пештера во близината на Приштина, Призрен (музејот на Призренската лига, црквата Св. Богородица Левишка), споменикот на Рамиз Садику и Боро Вукмировиќ, манастирот Високи Дечани, Пеќ со Пеќската патријаршија и др. Посебен впечаток кај учесниците оставија Високи Дечани и Пеќската патријаршија со својата архитектура, сликарството и улогата што ја имале во средниот век.

Во холот на хотелот „Гранд" уште првиот ден од работата на Симпозиумот беше организирана изложба на стручна и методско-педагошка литература од издавачката куќа „Школска књига" од Загреб и издавачите на учебници

од Приштина што придонесе учесниците да се запознаат со издавачката дејност.

На Симпозиумот беше прикажан повеќеизборниот состав за наставата по историја во петтото одделение од уредникот на „Школска књига" д-р Драгутин Павлиќевиќ, кој е еден од авторите на тој состав. Овој илустративен приказ предизвика мошне голем интерес кај учесниците, а повеќемина низ своите дискусии истакнаа дека треба да го преземат и останатите наши републики и покраини за што работата со мултимедискиот состав оди во прилог на осовременувањето и интензивирањето на работата во наставата по историја.

Претставникот на детскиот лист „Кекец" Љубица Радовиќ зборуваше пред присутните за шампионатот на знаење кој се изведува секоја година ширум Југославија, истакнувајќи го неговото воспитно-образовно значење како своеврсна марксистичка школа за младите, која опфаќа преку 200 000 учесници. Во 1981 година темата ќе биде 40 години од почетокот на вооруженото востание, нагласи таа, за која цел ќе се подготват текстови за млади и постари ученици, а материјалите ќе се печатат на три јазици.

По поднесените реферати се водеше плодна дискусија која се однесуваше на повеќе прашања од двете основни теми преку која се даваа вредни предлози, сугестии и мисленња за решавање на проблемите во наставно-воспитната работа по историја, почнувајќи од основното па до високото образование. Тоа зборува дека треба да продолжи традицијата со организирањето на ваквите симпозиуми, поставувајќи ги како и досега, на студиозно разгледување најактуелните теми од наставата и историјата општо.

Ќе истакнеме некои од позначајните предлози во дискусијата кои воедно беа и усвоени ставови на Симпозиумот: да се настојува за соодветна марксистичка застапеност на економската и културната историја покрај политичката, почнувајќи од стариот век до денес, од основното училиште па до факултетите. Сето тоа историски да се толкува без да се западне во економизам од наставата по историја да се исфрли непотребниот историцизам со што ќе се растеретат наставните програми и ќе им се олесни работата на учениците; на заемната застапеност на историјата на народите и народностите на Југославија во наставните програми да се посвети сериозно внимание; не само историчарите и нивните здруженија туку сите општествено-политички фактори да се ангажираат за тоа предметот историја да не се стеснува или истиснува од основното и средното образование (часовно и содржински), туку да му се даде соодветно место во духот на резолуциите на X и XI конгрес на СКЈ, застапувајќи го и во горните класови на средното образование за да може да се обликува историската свест кај младите; вишите школи и катедрите по историја на факултетите во Југославија да воспостават потесна соработка во решавањето на наставно-воспитните проблеми, прилагодувајќи ја наставата по историја на потребите на новото реформирано училиште, посветувајќи посебно внимание на хетерогеноста на наставните програми

и на застапеноста на повоената историја и историјата на современото работничко движење; на југословенско ниво да се ангажираат стручни лица: историчари, психолози, педагози, методичари и други, кои ќе дадат свое мислење за оправданоста на линеарниот принцип на планирањето на редоследот на програмските содржини во наставата по историја; потребно ќе биде усогласување и изедначување на наставните план-програми по историја, како и нивното дидактичко обликување на југословенско ниво, бидејќи сè уште немаме единствен и изедначен пристап кон изучувањето на историското минато од општата и националната историја и не сме излезени од европскиот историски круг — од евроцентризмот; потребно е излегување од евроцентристичката концепција на развојот на човечкото општество и во останатите републики и покраини да се пристапи кон издавањето на прирачници за одделни места и региони за историјата на родниот крај, користејќи го искуството на СР Хрватска.

На крајот југословенската комисија за наставата по историја одржа состанок на кој се изврšија начелни подготовки за идниот — IX симпозиум, кој ќе се одржи во составот на Осмиот конгрес на историчарите на Југославија во Приштина во 1981 год. На деветтиот симпозиум се предложи да бидат разработени следните теми од проблематиката на наставата по историја:

1. Односот на историјата спрема останатите предмети на општествените науки во наставата на основните и средните училишта.

2. Местото на историјата на работничкото движење, Народноослободителната војна и револуцијата во наставата по историја во училиштата и на факултетите.

3. Можности за внесување нови научни резултати од историографијата во наставата по историја во основните и средните училишта.

Поднесените реферати и кореферати на Осмиот симпозиум, како што се практикува досега, ќе бидат отпечатени во стручното списание „Настава по историја" бр. 1 и 2 од 1981 година, а некои и во косовското списание „Хоризонти историје", со што материјалите ќе станат достапни и за оние кои не беа присутни на Симпозиумот.

Наум ДИМОВСКИ

## ИЗВЕШТАЈ

### од работата на втората секција на Дванаесеттата сесија на Школата на младите марксисти „Стив Наумов-Мите Богоевски" на тема „Историските корени на неврзувањето", одржана во Дојран од 12—14 мај 1980 год.

Втората секција работеше под работен наслов „Активноста и улогата на неврзаноста во современите услови". Од вкупно 34 соопштенија се дискутираше по 24 теми. Во својот кореферат м-р Душко Симовски се осврна на некои клучни проблеми во врска со